INTERNATIONAL STUDENTS' ACTION FOR ADAPTING CROSS-CULTURAL ACTIVITIES

# Модел на поддршка за адаптација на меѓународни студенти



Erasmus+

BY NC ND

ISAAC

# IO1: Модел на поддршка за адаптација на меѓународни студенти

Проект: Меѓународна Студентска Акција за Прилагодување на Меѓукултурните активности (ISAAC)

Бр. 2020-1-PL01-KA203-082267

BY NC SA



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

Содржина

1. Вовед ..... 5
2. Европски политики за интернационализација ..... 6
3. Предизвици за интернационализацијата ..... 7
3.1 Критериуми по кои меѓународните студенти бираат земја на студирање ..... 7
3.2 Предизвици со кои универзитетите се соочуваат кон интернационализацијата ..... 7
4. Цели на ISAAC проектот за поддршка на интернационализацијата ..... 10
4.1 Приоритети на ISAAC проектот ..... 10
4.2 Специфични цели на ISAAC проектот ..... 10
5. ISAAC целни групи ..... 11
5.1 Нови студенти кои доаѓаат од различни земји ..... 11
5.2 Локални студенти од партнерските универзитети ..... 11
5.3 Академски кадар ..... 11
6. Интернационализациски стратегии и активности на партнерски локации ..... 12
6.1 Универзитет за економија и иновации во Лублин ..... 12
6.2 Универзитет Лусофона ..... 13
6.3 Универзитет Тесалија ..... 14
6.4 Универзитет Лојола ..... 15
6.5 Профицио Скопје ..... 15
7. Главни резултати од истражувањето за потребите на студентите и универзитетите во интернационализацијата ..... 16
7.1 Главни недостатоци и проблеми констатирани при организирање на поддршка за странски студенти, домашни студенти и вработени ..... 18
7.1.1 Странски студенти ..... 18
7.1.2 Домашни студенти ..... 20
7.1.3 Членови на персоналот ..... 20
8.2 Резиме на институционалната перспектива ..... 21



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

8.3 Перспективи на заинтересирани страни ........ 24

9. ISAAC истражувачки модел за развој на рамка за адаптација на студенти во контекст на интернационализацијата ........ 26

Референци ........ 28

Анекс I – Алатки за анализа, потребни при интернационализацијата на студенти, персонал и организации ........ 30

Анкета за странски студенти ........ 30

Анкета за домашни студенти ........ 30

Анкета за персонал ........ 30



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

# 1. Вовед

Растот на миграцијата поврзана со образованието наведе многу земји да ја земат меѓународната студентска миграција како стратешко јадро во својата политика на интернационализација насочена кон зацврснување на своето економско и политичко влијание во светот. Според UNESCO, во 2016 година вкупниот број на студенти запишани во високошколски институции и кои учествуваат во истражувањето се зголемил за 65%, а бројот на меѓународни студенти во светот за 80% од 2010 година.

Според EUROSTAT, во 2016 година најмалку 1.6 милиони студенти учествувале во меѓународна мобилност на ниво на терцијарно (високо) образование низ Европската Унија (ЕУ). Ова се меѓународни мобилни студенти кои се запишани на студентска програма во земја која не е онаа во која го завршиле средното образование. Повеќе од 2/5 (43%) од меѓународните студенти на ниво на високо образование во ЕУ во 2016 година биле од Европа, 30% од Азија и 12% од Африка.

Високото образование ширум светот се соочува со големи очекувања од општеството. Тие очекувања во моментов еволвираат во императиви за интернационализација, вработливост, глобално граѓанство и демократска култура, се осврнуваат кон промена, овозможуваат инклузивно учење и многу друго. Поттикнувањето на подобри можности за мобилност и атрактивност на универзитетското образование на локално, регионално, национално и меѓународно ниво се двете клучни стратегии за постигнување на овие итни потреби. Студијата на Еразмус+ за влијанието на вискoто образование (2018) известува дека студентите кои учествувале во програмите за размена ги подобриле своите вештини поврзани со потебите на пазарот на трудот. Тие подобро се согласуваат со луѓе од други култури и се потолерантни и отворени кон различностите. Од друга страна, учеството на универзитетскиот кадар во мобилноста ги збогатува наставните вештини, особено во иновативните педагошки методи. Сите учесници во мобилноста пријавиле подобрување во меѓукултурните и социјалните вештини (Европска Комисија 2019).

Проектот ISAAC има за цел да развие интервенција, во однос на мобилноста, која ќе им помогне на студентите да се прилагодат во меѓународната средина. Конкретно, проектот има за цел да развие насоки за добри практики насочени кон материјалот на универзитетскиот персонал кој ќе им помогне на студентите да се прилагодат во новата средина. Како помош за информирање за дизајнот на интервенцијата која ја помага интернационализацијата, овој извештај е сочинет од анализи на информации за тековните практики на интернационализација на партнерските локации и земјите во кои тие се наоѓаат. Анализата се темели на преглед на политики, стратегии и активности. Се заснова и на прашалници кои ги истражуваат очекувањата и потребите поврзани со интернационализацијата и кои ги таргетираат едукаторите, меѓународните студенти, локалните студенти и персоналот во партнерските организации. Овој извештај е надополнет со извештаи доставени од Полска, Шпанија, С. Македонија, Грција и Португалија, кои даваат понатамошен увид во тековните практики и ги истакнуваат потребите за интернационализација.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

## 2. Европски политики за интернационализација

Интернационализацијата е феномен кој значително се има зголемено во последните 30 години (JRC, 2012). Таа станува сѐ поважна со прекуграничната соработката која го унапредува истражувањето и промовира развој. Интернационализацијата резултираше со висока мобилност на квалификуван и стручен персонал, студенти и научници. Сето ова доведе до воведување на едукативни програми кои имаат меѓународна перспектива, на активности за истражување и развој за промовирање на интернационализацијата, зголемено вмрежување и воспоставување на регионални и национални политики за мобилност поврзани со образованието (OECD, 2008). Мобилноста на студентите и квалификуваните професионалци го раширува знаењето преку границите, промовира интегрирање и поттикнува иновации, што е од корист и за земјата испраќач и за земјата прималел.

Се проценува дека 17 милиони поединци во Европа работат во некоја друга земја членка. Исто така, 1.4 милиони поединци патуваат секој ден во друга земја членка по работа. Во врска со мобилноста на студентите, искуството на учесниците е изразито позитивно. Преку 80% од поранешните студенти на Еразмус+ велат дека имаат подобро разбирање за она што сакаат да го направат во своите идни кариери, 80% се вработуваат во рок од три месеци по дипломирањето, а 72% тврдат дека искуството од мобилноста има придонесено во добивањето на нивната прва работа (Еразмус+ Студија за Влијанието во Високото Образование, 2018).

Мобилноста и меѓународната соработка можат да придонесат во намалување на празнините во вештините помагајќи да се развијат способности кои денес им се потребни и на индустријата и на општеството. Придобивките од интернационализацијата ја наведоа Европската Комисија, како и одделни земји, да воведат политики за нејзино поттикнување. Иницијативата за Дигитални можности за приправници (2021), на пример, помага во развојот на дигиталните вештини.

Од друга страна пак, Европската Комисија има воведено рамки кои ја поддржуваат студентската мобилност. Овде е вклучен и Европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ECTS, 2021), кој дозволува признавање на завршени курсеви во друга земја членка од онаа каде што се наоѓа универзитетот на студентот. Дипломскиот додаток (2021) ја придружува дипломата за високо образование и обезбедува стандардизирани информации за содржината на завршените студии. Европскиот регистар за обезбедување на квалитет (2021) промовира развој на доверба со давање гаранции за веродостојноста на информациите за Европското високо образование. Освен тоа, Европскиот Совет препорачува автоматско взаемно признавање на дипломите и исходите од обуките за периодите поминати во странство за земјите членки (Европски Совет, 2021). Дополнително, Иницијативата за Европска Студентска Картичка (2021) ја олеснува размената на информации за студентот. Конечно, сојузите помеѓу европските универзитети помагаат во збогатување на истражувачките и образовните активности, промовирајќи конкурентност кај Европските институции за високо образование на глобално ниво.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

# 3. Предизвици за интернационализацијата

## 3.1 Критериуми по кои меѓународните студенти бираат земја на студирање

Најважниот критериум кој студентите го земаат во предвид кога ја носат одлуката во која земја ќе студираат е дали сакаат да останат таму и да се вработат. Спред светските статистики, 25% од меѓународните студенти се сместуваат во земјата во која студираат. Друг критериум кој студентите го земаат во предвид при изборот на универзитет во странство е дали институцијата нуди финансиска поддршка во форма на зеам, стипендија или грант, во предвид се земаат и трошоците за живот, општото мислење за земјата и безбедноста, и имањето пријатели и роднини во таа земја. Од друга страна, студентите ги земаат во предвид своите јазични способности, т.е. дали поседуваат активно познавање на националиот јазик на избраната земја или дали постои можност да следат едукативна програма на англиски јазик. Покрај тоа, студентите посветуваат особено внимание на можностите за остварување врски (networking) достапни во избраната организација, односно поврзување со поединци со исти интереси и хоби или едноставно со поврзување со други странски државјани. Остварувањето врски им помага на студентите да ја надминат носталгијата. Во земји како Швајцарија и Хонг Конг кампус здруженија на меѓународните студенти се доста чести. Во други земји, како што се Шпанија или Австралија многу мигрантски друштва постојат надвор од кампусите. Студентите понатаму ги земаат во предвид опциите за курсеви на странските универзитети, процедурите за аплицирање и регрутирање и врските на универзитетите со нивната матична земја (Спригс 2019). Меѓу останатите причини за студирање во странство се и уживање во културата на земјата на дестинација, стандардот на образование, препораките од најблиските и можноста за патување (Билтон, 2018). Но, за некои студенти изборот на странски универзитет може да е поврзано со следење на своите соништа и посета на земја во која секогаш сакале да престојуваат. Други фактори ја вклучуваат нивната храброст, односно дали се способни да се откажат од својата комфорна зона и да ја напуштат својата земја за да живеат на друг крај на земјината топка, или да се откажат од плановите за својата иднина, на пр. универзитетите во Обединетото Кралство имаат реномирани програми за право додека оние во Нов Зеланд имаат подобри програми за земјоделство и земјоделие (HCA Editorial, 2019). Битен фактор за избор на земја за студирање, како можност или недостаток, е да се обезбеди виза, доколку е потребна, услови на универзитетот за почетно ниво, како на пример полагање на приемни тестови, и можноста да се доживее културен шок (StudyLink).

## 3.2 Предизвици со кои универзитетите се соочуваат кон интернационализацијата

Стратегијата Европа 2020 ја дефинираше поддршката за интернационализација на европските институции за високо образование како една од битните цели за меѓународна соработка. Во секоја земја универзитетите усвојуваат различни начини на поддршка за прилагодување на студентите и асимилирање во меѓународните студии. Некои од нив се документирани во извештајот Интегрирање на барателите на азил и бегалците во високото образование во Европа: Национални политики и мерки (2019). Иако извештајот се фокусир на барателите на азил и



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

бегалците, тој нуди добра дискусија за предизвиците на кои универзитетите треба да обрнат внимание. Во нив е вклучена потребата за јазична обука и лингвистичка поддршка на националниот јазик или на англиски, специјални грантови и стипендии за студенти, дополнителна обука за персоналот во институциите на високото образование и услуги за насочување/советување за студенти. Извештајот дополнително спомнува потреба од IT средина за поддршка при запишување, која може да се употреби за обезбедување дополнителни податоци, и останати процедури кои ќе бидат од корист за студентите кои треба да пристигнат. Ефективната интеграција не е во корист само на студентите. Таа дополнително го промовира меѓународниот карактер на организацијата и може да биде истакната во глобалните маркетинг кампањи.

Неколку други проекти и иницијативи се фокусирани на интернационализација на високообразовни институции. Овде се вклучени и студијата финансирана од Европската Комисија со наслов Влијанието на Еразмус на Европското високо образование: Квалитет, отвореност и интернационализација (2008), студијата финансирана од Европската Комисија со наслов Надворешна евалуација на институционалното и националното влијание на Еразмус (2004) и студијата финансирана од Европската Комисија со наслов Ефектите на мобилноста врз вештините и вработливоста на студентите и интернационализацијата на високообразовните институции (2014). Секоја од овие студии се фокусира на различни аспекти на интернационализацијата. Студијата од 2008 се осврна на влијанието на интернационализацијата врз квалитетот на образованието на институционално и системско ниво преку анализи на литература, анкети и 20 студии на случај. Резултатите од ова истражување покажаа подобрување во студентските услуги за студентите кои си заминуваат и оние кои пристигнуваат и интензивирање на напорите за интернационализација и промоција на мобилноста на студентите и кадарот. Студијата откри дека Еразмус+ програмата одигра водечка улога во интернационализацијата на високообразовните институции. Студијата од 2004 го испита влијанието на институционалната политика пред воведувањето на Универзитетската повелба. Резултатите откриле големи системски напори и стратегии на интернационализација, подобрување во признавање на квалификациите и фокус на студентската мобилност. Двете студии покажаа дека новите држави членки на Европската Комисија напредувале повеќе преку напорите за интернационализација и Еразмус+ програмата. Студијата од 2014 открива дека мобилноста на кадарот и интензивните програми се сметаат за од најголема важност во подобрување на соработката помеѓу високообразовните институции. Сите студии покажаа дека Еразмус+ програмата овозможува соработка и меѓународна работа. Мобилноста на студентите и кадарот ја зголеми интернационализацијата и отвореноста на високообразовните институции со промовирање вмреженост (networking) и воспоставување на партнерства. Ова дополнително има помогнато во подобрување на квалитетот на понудените образовни услуги. Овие студии, со исклучок на онаа од 2014 година, го нагласуваат фактот дека подобрувањето на меѓународниот углед на високообрзовните институции беше значаен мотиватор за интернационализација, иако според коминикето на Европската Комисија за Европското високо образование, на угледот во странство влијае единствено подобрувањето на квалитетот на наставата и учењето. Со тоа, подобрувањето на наставните методи и наставната програма преку интернационализацијата



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

треба да биде цел за високообразовните институции, а не за самата интернационализација. Други истражувања од 2004 и 2008 се фокусираа или на инситуција или на студенти но не и на двете (Европска Комисија, 2014; Европска Комисија, 2019).

Соработката меѓу универзитетите порасна благодарение на бројот на размени меѓу нив. Иако постои значаен пораст на нивото на интернационализација кај многу универзитети, видот и квалитетот на услугите за поддршка за студентите може и понатаму да се подобрува. Додека некои високи образовни институции нудат само услуги за образование други и понатаму нудат целосна поддршка за студентите во сите аспекти на живеење во нова средина, како што се сместувањето и барањето работа. Сепак, нивото на услуги за поддршка многу зависи од познавањето на англискиот јазик кај персоналот. Освен тоа, членовите на персоналот посочуваат дека тие повеќе се фокусираат на студентите кои доаѓаат отколку на оние што си заминуваат. Зголемувањето на бројот на меѓународни студенти го зголеми притисокот врз високообразовните институции да формулираат нови ажурирани стратегии за интернационализација. Не само што универзитетите треба да обрнат внимание на конфликтот во нудење на курсеви на англиски јазик наспроти промовирањето на локалните јазици, тие мора да воведат критериуми за избор на меѓународни партнери и да одлучат за формата на интернационализација која би одговарала на мисијата и визијата на организацијата (Европска Комисија – Образование и Култура, 2014).

Отвореноста на една земја може да одигра важна улога во интернационализацијата на универзитет кој се наоѓа во неа. На пример, според истражувањето на Fundacja Edukacyjna Perspektywy во 2012 меѓународните студенти во Полска сочинуваат само 1% од целокупното студентско тело. Причината за ова е затвореноста на Полјаците кон други култури и недостатокот од глобална промоција на полските универзитети. Според студијата, полската култура е премногу хомогена за поединците да ги разберат другите култури. Покрај тоа, не постојат интеркултурни часови во раното образование. Понатаму, квалитетот на образованието на англиски јазик и разновидноста на курсевите се исто така од големо значење за интернационализацијата. Поските универзитети немаат исто ниво на курсеви по англиски јазик како други земји во Еропската Унија. Конечно, има потреба од заедничко тело кое ќе ги промовира националните универзитети на глобално ниво (Гошиор, 2012).



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

## 4. Цели на ISAAC проектот за поддршка на интернационализацијата

### 4.1 Приоритети на ISAAC проектот

ISAAC проектот има за цел да ја промовира интернационализацијата и создавање на инклузивни високообразовни системи. Ова се спроведува преку холистички решенија за поддршка на просветни работници, советници, образовни лидери и персонал за поддршка преку справување со главните предизвици што ја спречуваат интернационализацијата. Поконкретно, проектот цели кон зајакнување на меѓународната соработка, зголемување на размената на знаење и развивање на сеприсутни алатки и методи за подршка на персоналот, домашните и странските студенти.

### 4.2 Специфични цели на ISAAC проектот

ISAAC има за цел да ги идентификува клучните предизвици со кои се соочуваат странските и домашните студенти во прилагодувањето на новата академска средина. Целта на проектот е решавање на недостатоците и потенцијалните области на подобрување во системот за студентска поддршка и развивање на капацитетите на персоналот во меѓукултурното управување и меѓукултурната комуникација. Клучниот исход на проектот се очекува да биде модел на поддршка за адаптација на меѓународните студенти и насоки за стратешко вмрежување на високообразовните институции кон интернационализација.

Поточно, Проектот има за цел:

1. Развивање на модел за поддршка за адаптација на меѓународни студенти врз основа на интеракции со целните групи, како и поддршка на најдобрите практики признати во земјите на конзорциумот.
2. Развивање на Водич за „Правила на однесување“ за универзитетскиот персонал кој работи со странски студенти.
3. Развивање на Водич за добредојде за странски студенти.
4. Развивање на интерактивни материјали во форма на инфографици.
5. Прилагодување на универзитетските услуги кои ги задоволуваат потребите на странските студенти.
6. Поддршка за развој на вештини кај академскиот кадар во областа на меѓународната соработка.
7. Развивање на систем и/или предлог на добри практики признати во Европа.
8. Поддршка на учеството на вработените во универзитетот во процесот на интернационализација на универзитетот.
9. Стимулирање на креативноста и зголемување на компетенциите и вештините кај академскиот кадар, студентите и дипломците.

Главната цел на проектот ISAAC: Меѓународна студентска акција за прилагодување на меѓукултурните активности е да изгради силна мрежа и да развие одржлив модел на поддршка за меѓународните и домашните студенти со цел да им се помогне да се прилагодат на новата



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

академска средина во странска земја. Проектот понатаму цели кон зајакнување на интернационализацијата на универзитетите преку примена на добри практики и искуства од Европските универзитети. Конзорциумот се фокусира на идентификација на бариерите и предизвиците во процесот на интернационализација, вклучувајќи организациона подготовка на членовите на персоналот, внатрешни процедури, стратегии, внатрешна и надворешна комуникација, како и кампањи за односи со јавноста насочени кон странски студенти и академски кадар.

## 5. ISAAC целни групи

Следните групи се цел на проектот ISAAC и нивниот очекуван ангажман во проектните активности.

### 5.1 Нови студенти кои доаѓаат од различни земји

Проектот е наменет за странски студенти кои се дел од мобилноста на странски универзитет или студенти кои решиле да се преселат во друга земја на студии. Реалното учество на странски студенти во проектните активности ќе помогне во процената на организациските празнини, добрите и лошите практики во организацијата и комуникацијата со универзитетските административни служби. Перспективите на студентите се документирани преку анкета, што помага во препознавање на главните фактори кои влијаеле на нивната одлука за одредено место на студирање. Првичниот план на проектот беше да вклучи најмалку 100 странски студенти кои претставуваат различни земји и студиски програми.

### 5.2 Локални студенти од партнерските универзитети

Целта на проектот се домашните студенти заинтересирани за мобилност во странство, но и сите домашни студенти, бидејќи сите тие се соочуваат со промени во структурата на универзитетот, поради бројот на студенти кои доаѓаат од различни земји. Академското опкружување мора да се промени, затоа што раководството на универзитетот мора да вклучи инклузивни практики и да се погрижи за отвореноста кон другите култури и обичаи со цел за новодојдените и домашните студенти да се чувствуваат добредојдени. Реалното учество на домашните студенти во проектните активности ќе го поддржи собирањето податоци поврзани со нивото на интеграција во академското општество, меѓукултурното разбирање и интересот за учество во програмите за мобилност. За да се осигура дека повратните информации од студентите се репрезентативни, секој партнер ќе вклучи група од минимум 50 домашни студенти запишани на различни студиски програми.

### 5.3 Академски кадар

Проектот е насочен кон универзитетскиот кадар од различни области: просветни работници кои одржуваат часови на запишани странски студенти, административен персонал кој се грижи за секојдневните активности на студентите, како и кон Канцелариите за меѓународни односи како најинволвирани во интернационализација на универзитетот. Некои од материјалите развиени



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

во рамките на проектот ISAAC може да бидат корисни и за персоналот кој ги посетува партнерските организации. Се препорачува секоја партнерска организација да вклучи најмалку 20 претставници од академскиот кадар, кои ќе ја оценат подготовката на организацијата за прием на странски студенти и ќе се посветат на нивните потреби. Предавачите треба да бидат подготвени за решавање на културните разлики во студентските групи и да имаат капацитет да им помогнат на новодојдените студенти да се прилагодат на студиската програма.

### 5.4 Еразмус+ координатори и административен персонал кои работат со странски студенти

Проектот е насочен кон академскиот кадар кој е директно ангажиран во подготовката на влезните и заминувачките студенти кои учествуваат во мобилноста. Учеството на административниот персонал на универзитетот во проектните активности ќе помогне при процената на подготовката на универзитетот за интернационализација, вдомувањето на странски студенти и поддршката на студентската адаптација. Тоа дополнително ќе помогне во идентификувањето на празнините во организациската структура на самата организација.

## 6. Интернационализациски стратегии и активности на партнерски локации

Следува краток преглед на најдобрите практики и модели употребени од партнерите на ISAAC проектот за промовирање на интернационализацијата. Ова е резиме на информации анализирани во извештаите на национално ниво изведени на секоја партнерска локација (види АНЕКС II).

### 6.1 Универзитет за економија и иновации во Лублин

Универзитетот за економија и иновации во Лублин (WSEI) вклучува интернационализација во визијата на организацијата и стратегијата на високо ниво, во која се наведува дека научната меѓународна соработка и промоцијата на меѓународните научни вмрежувања се новите патишта за развој. Фокусот на интернационализацијата произлегува од согледувањето дека таа влијае на сите други аспекти на правилното функционирање на институцијата и е неопходна во денешниот свет. Преземените активности за зголемување на нивото на интернационализација на WSEI вклучуваат отворање на 4 студиски програми кои целосно се изведуваат на англиски јазик за да се зголеми бројот на странски студенти, да се воспостави соработка со странски јавни тела и да се добијат меѓународни сертификати за образование со висок квалитет.

Активностите за интернационализација се преземаат на различни оддели на универзитетот. Главна единица одговорна за ваквите активности е Центарот за Проекти и Меѓународна Соработка, кој не е одговорен само за управување со мобилностите на Еразмус+, туку и за управување со проекти финансирани од Европската комисија и за воспоставување на контакти, мрежи и врски со меѓународните партнери. Одредени одделенија на универзитетот имаат активност во смисла на интернационализација поради нивното учество во спроведување на проекти, како и поради придонесот на нивниот академски кадар во различни меѓународни



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

истражувачки иницијативи. WSEI е тесно поврзан со бизнис секторот поради една од главните цели на стратегијата, а тоа е да стане мост помеѓу образовниот сектор и пазарот на труд. Еден од примерите за врски на универзитетот со бизнис секторот е Програмата за Двојни Студии, во која студентите се обврзани да стажираат во компании.

Организирање на различни видови на иницијативи поврзани со развој на иновативни производи на меѓународно ниво во рамки на европски проекти.

Универзитетот промовира интернационализација преку различни активности како што се:

- Создавање можности за размена на академски кадар, на пример како професори во посета или учесници на обуки за меѓународни активности
- Организирање летни школи, каде е вклучена и културна подготовка за студенти кои доаѓаат
- Организирање на различни видови на иницијативи поврзани со развој на иновативни производи на меѓународно ниво во рамки на европските проекти.

## 6.2 Универзитет Лусофона

Политиката за интернационализација на Универзитетот Лусофона, посебно ориентирана кон светот на Лусофоните (народ кој говори португалски), е фокусирана околу европската димензија на организацијата и нејзината одговорност кон регионот, особено во однос на развојот на градот Лисабон што обезбедува успешни услуги во рамките на неговиот делокруг на дејствување, главно со настава, истражување и градење на заедница. Меѓународната, но и истовремено европската регионална димензија на Универзитетот Лусофона е изразена во значително големата листа на меѓународни договори со партнери од Европската унија и договори со други региони кои универзитетот ги ажурира годишно, целосно решен да вложи максимални напори врз основа на политика на транспарентност, истовремено зајакнувајќи ги односите за соработка и имплементацијата на акциските планови на добри практики.

Лусофонскиот институт за истражување и развој (ILIND) е централната структура на универзитетот за имплементирање на стратегијата за интернационализација во областа на истражувањето. Главните цели на ILIND се:

- Промовирање на истражување и развој и ширење на знаењето во повеќе научни области
- Координирање и систематизирање на истражувачките активности спроведени од единиците и центрите за истражување и развој
- Следење на процесот на подготовка, поднесување и управување со истражувачки проекти
- Поддршка на истражувачки проекти иницирани од индивидуални истражувачи
- Организирање на обуки за истражувачи, предавачи и персонал поврзани со истражување
- Објавување на резултатите од тековните или завршените проекти
- Воспоставување партнерства со други организации како што се високообразовни институции, и истражувачки центри и управувачки тела на меѓународни проекти за



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

зајакнување на учеството и соработката во национални и меѓународни проекти и искористување на синергиите што произлегуваат од партнерства со локалните сруктури

Универзитетот Лусофона има основано креативен и технолошки инкубатор наречен PLAY: Projects Lab Alliance For You. Оваа единица делува како платформа за поддршка за развојот на нови проекти и бизниси кои имаат корист не само за заедницата за образование на Лусофона, туку и за пошироката јавност.

## 6.3 Универзитет Тесалија

Интернационализацијата на Универзитетот Тесалија има за цел збогатување на образовните искуства и квалитетот на понудите за учење преку соработка на образовно и истражувачко ниво со организации во Европската унија и пошироко. Политиката за интернационализација се фокусира на развивање на капацитет од човечките ресурси за поддршка на меѓународната соработка, поттикнување и грижа за меѓународна академска заедница, создавање меѓународни студиски програми и стратегии за истражување, промовирање на присуство насекаде во светот и зајакнување на врските со општеството. Интернационализацијата е евидентна во сите академски практики на институцијата и се заснова на принципите на осмоза, реципроцитет и педагошко зајакнување на различностите. Од 2018 - 2019 година, универзитетот нуди зголемен број на додипломски курсеви на англиски јазик. Овие курсеви се наменети и за меѓународни и за грчки студенти. Како јавна академска институција, Универзитетот Тесалија гарантира дека сите објекти и услуги кои се нудат на домашните студенти се достапни и за меѓународните студенти. Сите достапни информации за студентите се обезбедени на англиски и на грчки јазик.

Универзитетот Тесалија учествува и е посветен на успешна имплементација на богати европски и меѓународни програми кои имаат за цел да им служат на потребите на различните целни групи и да имплементираат различни активности, како што се:

- Зајакнување на соработката и создавањето врски помеѓу организациите
- Промовирање на развој, тестирања и имплементација на иновативни практики
- Олеснување при препознавање и сертификација на знаења, вештини и компетенции
- Зајакнување на соработката помеѓу регионалните власти за развој на нови системи за образование, обука и млади
- Поддршка на студентите со попреченост/посебни потреби и олеснување на нивната интеграција на пазарот на трудот
- Поддршка на професионалци за образование и обука за промовирање на еднаквоста, различноста и вклученоста во средината за учење
- Промовирање на претприемништвото кај младите и нивно активно учество во јавноста

Универзитетот Тесалија има искуство во различни европски иницијативи, како што се Еразмус+ Стратешки Партнерства (Erasmus+ Strategic Partnerships), ГД за вработување (DG Employment), EASME, Интеррег (Interreg), Еразмус+ спорт (Erasmus+ Sports), Сојузи на Знаење (Knowledge Alliances) и многу други, како координатор или како клучен партнер. Проектите се поддржани од академската заедница на универзитетот. Квалитетот на реализираните проекти се проверува на



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

национално и меѓународно ниво како и преку експерти од институцијата, едукатори, обучувачи и други.

## 6.4 Универзитет Лојола

Универзитетот Лојола ја интегрира интернационализацијата во својата мисија да „создаде мисла за најдобрата и најголемата услуга на човештвото, да обучува мажи и жени за другите, не за најдобрите во светот, посветени на проблемите во светот и да ги направи сите свои активности место на плоден дијалог и средба во која луѓето од различни култури, верувања и идеологии можат да живеат живот инспириран и посветен еден на друг и на создавањето.“. Институционалната визија го одразува глобалниот карактер на „универзитет кој истражува и промовира создавање на знаење за потребите и проблемите на денешниот свет. Универзитет кој ги обучува луѓето да бидат двигатели на промени, професионалци посветени на развој на похумано, праведно и одржливо општество. Универзитет во служба на општеството во целина и на оние кои живеат во угнетени општества“.

Универзитетот Лојола го одразува своето ниво на интернационализација во следните главни активности:

- Активни партнерски високообразовни институции
- Јазични вештини
- Мобилност

Универзитетот Лојола учествува во бројни меѓународни проекти кои промовираат истражување и иновации за меѓународни односи, како и меѓународна соработка.

За да им помогне на странските студенти да го искористат максимумот од нивниот престој на универзитетот, Loyola SRI се занимава со прашања како што се запознавање на студентите со академските понуди, сместување, виза, часови по шпански јазик, летни програми и пристап до сет на туторијали за услугите за студенти на универзитетот. Универзитетот Лојола понатаму ја нуди програмата 360º Buddy. Ова е иницијатива која ги обединува студентите на Лојола кои веќе учествувале во програма за размена на странски студенти или планираат да учествуваат во блиска иднина и се мотивирани да им помогнат и да ги интегрираат меѓународните студенти во универзитетската заедница. Членовите на програмата Loyola 360° Buddy организираат забавни културни активности во текот на целата академска година за да ги доближат меѓународните студенти до шпанската и андалузиската култура.

## 6.5 Профицио Скопје

Со потпишување на Болоњската декларација во септември 2003 година во Берлин, Република С. Македонија се приклучи на Болоњскиот процес. Ова влијаеше и на интернационализацијата во визијата на универзитетот и на стратегијата на високо ниво. Универзитетот ја поддржува мобилноста на студентите и академскиот кадар. Продолжува да ги признава дипломите кои го користат ЕКТС системот како универзална алатка за сертификација. Универзитетот усвојува 3-циклусни студии по чие завршување студентите добиваат дипломи. Ова го подига нивото на



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

квалитет на образовните услуги во академската институција и ја зајакнува важноста на научното истражување за промовирање на квалитетни образовни понуди. Во 2014 година, Република С. Македонија заедно со уште 4 земји од Западен Балкан се приклучија на програмата Horizon 2020 и стана членка соработник со еднакво учество во сите сегменти на иницијативата. Ова им овозможува мобилност на истакнати научници и ги зајакнува домашните истражувачки системи.

Профицио Скопје посветува посебно внимание на интернационализацијата на наставниот процес, науката, мобилноста на студентите кои заминуваат и доаѓаат и на академскиот кадар, јакнење на административните капацитети за справување со предизвиците поврзани со интернационализацијата и учеството во релевантните регионални, европски и меѓународни мрежи преку:

- Промовирање на мобилност на наставници и истражувачи за студирање, престој и обука во странство.
- Учество во Еразмус + административниот персонал во програмите за обука за мобилност.
- Збогатување на способноста на наставниците да предаваат на странски јазик преку модерен образовен дизајн.

## 7. Главни резултати од истражувањето за потребите на студентите и универзитетите во интернационализацијата

Следува резиме на резултатите од студијата спроведена со прашалници во контекст на ISAAC проектот за идентификација на предизвиците во процесот на интернационализација на европските универзитети во Полска, Шпанија, С. Македонија, Грција и Португалија. Анализата претставува резиме на истражувачка работа документирана во националните извештаи кои се развиени од секој партнер во проектот (види АНЕКС II).

Информациите собрани во овој дел се однесуваат на:

- Подготовка на универзитетската администрацијата за работа во меѓународна работна средина;
- Организирање на услуги за поддршка насочени и кон странските и кон домашните студенти за нивна подобра интеграција, комуникација и меѓусебно разбирање;
- Дополнителни мерки кои им помагаат на странските студенти поефикасно да се прилагодат во новата академска средина;
- Организирање на услуги за поддршка на домашните студенти во програмите за мобилност;
- Подготовка на универзитетот во однос на интернационализацијата;

Вкупно 495 учесници одговорија на 3-те прашалници од проектот ISAAC (види АНЕКС I). Од нив 122 се странски студенти, 177 се домашни студенти и 160 се од академскиот и од административниот кадар.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

Податоците беа собрани преку онлајн анкети поддржани од Google Surveys, посебно за секоја група на испитаници. Секоја анкета се состои од социодемографски прашања, по кои следи листа од 78 прашања за странски студенти, 88 прашања за домашни студенти и 52 прашања за персоналот на универзитетот. Прашалниците се состојат од затворени прашања со еден и повеќекратен избор.

Прашалникот за домашни студенти опфати прашања за пречките во комуникацијата и интеграцијата со странски студенти, предизвиците во комуникацијата на странски јазик, употребливоста на различните средства за информирање и комуникација понудени од универзитетот, подготвеноста на универзитетската администрацијата во процесот на интернационализација, видливоста на студентските организации и нивната понуда за странските студенти, активности за подобра интеграција на странските студенти во новата средина, видливост на програмите за мобилност и ефективност на информациите што ги споделува универзитетската администрација, предизвиците при учество во различни видови на програми за мобилност и мотивацијата на студентите, маерки за поддршка при организирање на мобилноста во странство. Прашалникот содржи прашања за културните разлики во странските земји и како универзитетот може да даде поддршка за адаптирање на студентите во новата средина и поддршка за пристап до информациите од матичниот универзитет. Студентите кои учествувале во програмите за мобилност се прашуваат и за најинтересните и најпредизвикувачките аспекти на програмата за мобилност и најбитните фактори на мобилноста при размената, како и за евалуацијата на процедурите за мобилност на матичниот универзитет и организациите домаќини.

Прашалникот за странски студенти содржи ист сет на прашања, со што ќе се осигура споредливоста на податоците.

Прашалникот за универзитетскиот кадар вклучува прашања за интеграцијата на странскиот кадар или студенти во локалната средина, предизвиците во меѓукултурната интеграција и комуникација, подготвеноста на матичниот универзитет за процесот на интернационализација, внатрешните пречки при прием на странски кадар, активности кои поддржуваат подобар и побрз процес на интеграција, откриени проблеми на странскиот кадар/студентите на домашниот универзитет, пристап до информациите на матичниот универзитет. Универзитетскиот кадар е прашан и за учеството во програмите за мобилност и за универзитетската поддршка во организацијата на процесот на мобилност, како и за придобивките од програмите за мобилност.

Содржината на анкетите за студентите и вработените се фокусираше на следните области:

1. Какви мерки може да се употребат за да се разбере образовната и академската култура на организацијата? [Истражување на персоналот, види АНЕКС I]
2. Како подготовката на универзитетскиот кадар може да влијае на видливоста на HEI во странство и да го зајакне процесот на интернационализација? [Истражување на персоналот, види АНЕКС I]
3. Какви мерки би можеле да се искористат за да се ублажи адаптацијата на странските студенти во различна средина (во однос на културата)? [Анкета со странски студенти, види АНЕКС I]



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

4. Какви мерки може да се искористат за поддршка на интеграција на странски и домашни студенти? [Анкета со странски студенти, види АНЕКС I]
5. Какви мерки обезбедени од универзитетот домаќин поддржуваат поефективно прилагодување на странските студенти? [Анкета со странски студенти, Анкета за домашни студенти, види АНЕКС I]
6. Какви фактори го прават универзитетот домаќин признат на меѓународно ниво? [Анкета со странски студенти, види АНЕКС I]
7. Каои добри практики во интернационализацијата и активностите за поддршка на студентите може да се имплементираат во друга земја на ЕУ? [врз основа на документи и најдобри практики на партнерските организации, види АНЕКС I]

Табелата подолу го сумира ангажманот на учесниците во студијата.

| | Странски студенти | Домашни студенти | Универзитетски кадар |
|---|---|---|---|
| Универзитетот за економија и иновации во Лублин | 78 | 68 | 52 |
| Универзитет Лусофона | 21 | 54 | 42 |
| Универзитет Тесалија | 3 | 19 | 36 |
| Универзитет Лојола | 12 | 19 | 17 |
| Профицио Скопје | 8 | 17 | 13 |
| **ВКУПНО** | **122** | **177** | **160** |

*Табела 1. Сумирани резултати од прашалниците на ISAAC.*

Следните делови даваат подлабок увид во наодите, кои креираат институционална перспектива за потребите за интернационализација.

## 7.1 Главни недостатоци и проблеми констатирани при организирање на поддршка за странски студенти, домашни студенти и вработени

### 7.1.1 Странски студенти

Повеќето странски студенти кои одговорија на прашалникот се согласуваат дека јазичната бариера и непознавањето на локалниот јазик се најпредизвикувачкото нешто за живеење во странство. Повеќето од нив одговорија дека изразувањето на своето гледиште и емоции на странски јазик е тешко при комуникација со академскиот или административниот кадар, но и со домашните студенти. Странските студенти додаваат дека уште еден тежок проблем во врска со комуникацијата со академскиот или административниот кадар, како и со домашните студенти се стереотипите и предрасудите. Сепак, колку и да изгледа проблематично, студентите имаат чувство дека ќе можат да се справат при комуникацијата со домашните студенти, предавачите и со вработените во администрацијата. Во однос на предизвиците со кои се соочуваат во новото



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

опкружување, студентите додаваат и дека се сами и далеку од семејството, комуницираат на различен јазик и бараат сместување. Сите студенти сметаат дека нивното адаптирање во земјата на студирање била добра.

Повеќето странски студенти кои одговорија на прашалникот изјавија дека процедурите за регрутирање и регистрација на програмите за мобилност на универзитетот домаќин биле многу лесни. Во однос на добивањето на информации за студиската програма, странските студенти идентификуваа недостаток од корисни информации. Повеќето испитаници коментираат дека информација дадена од универзитетот домаќин е јасна и разбирлива за нив. Повеќето странски студенти кои одговорија на прашалникот изјавија дека поддршката дадена од универзитетот пред нивното пристигнување била многу добра, освен информациите за тоа како да се добие студентската картичка и информации за студентските клубови и организации во рамките на универзитетот или во неговата околина, мнозинството изјави дека поддршката е лоша. Во однос на подготвеноста на универзитетските оддели да прифатат странски студенти, учесниците ја идентификуваа универзитетската библиотека како најподготвена.

Главно, странските студенти кои одговорија на прашалникот беа задоволни од нивното искуство со мобилноста и би им го препорачале и на своите пријатели, бидејќи е интересно доживување. Тие изјавија дека нивното учество во студиска програма на странски универзитет им овозможило да станат посвесни за општествените и политичките концепти како демократијата, правдата, граѓанските права, да бидат потолерантни кон вредностите и однесувањето на другите и подобро да ги разберат нивните силни и слаби страни. Сите студенти позитивно го оценија своето учество во мобилноста и коментираа дека тоа им помогнало да станат поприлагодливи на нови ситуации и да размислуваат критички и аналитички. Генерално, мнозинството од нив се многу задоволни од искуството во мобилноста.

ISAAC моделот на поддршка, а особено водичот за добредојде за странски студенти, имаат за цел да им помогнат на студентите за размена со нивното искуство во странство. Со нив странските студенти можат да ги најдат сите битни информации за нивното планирање за патување надвор. За почеток, која земја би била најдобриот избор и општи информации за земјата, како мајчиниот јазик и климата. Информации за тоа како да го најдат совршениот универзитет за себе и процедурата што треба да ја следат за да студираат во странство. Информации за приемниот процес, да остварат контакт со канцеларијата за меѓународни односи на универзитетот домаќин и да ги соберат сите важни документи пред нивното пристигнување. Водичот ќе содржи и информации за тоа како странските студенти да најдат сместување кога ќе стигнат до нивната дестинација.

Понатаму, водичот ќе обезбеди информации за подготовката на патувањето, т.е. битни документи кои се потребни за патување. Штом ќе пристигнат на универзитетот, странските студенти треба да ја посетат канцеларијата за меѓународни односи и да најдат достапни услуги за поддршка на студенти како и студентски организации. Водичот за добредојде дополнително ќе ги обезбеди сите информации за здравствените услуги во градот, културните активности и корисни места кио студентот може да ги посети, локалната храна и традициите. За крај, ќе му бидат достапни и корисни информации за враќањето дома.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

### 7.1.2 Домашни студенти

Повеќето домашни студенти кои одговорија на прашалникот навеле дека комуникацијата на јазик различен од нивниот мајчин јазик не е проблем и не предизвикува недоразбирање. Сепак, повеќето од нив дале коментар дека искажувањето на сопственото гледиште на странски јазик, разбирање на однесувањето на странските студенти, очекувањата на странските студенти, стереотипите, предрасудите како и комуникацијата се најголеми пречки. Повеќето домашни студенти се согласија дека организации како што е Европската студентска мрежа имаат влијание врз интеграцијата на странските студенти и дека таа е корисна за странските студенти да се интегрираат на универзитетот домаќин. Огромното мнозинство изразија желба да членуваат во некоја меѓународна студентска асоцијација. Иако повеќето учесници ја гледаат користа од студентските организации, некои се неволни да се приклучат на било какви студентски здруженија.

Мнозинството домашни студенти кои го одговорија прашалникот признаа дека често им помагаат на странските студенти во нивните секојдневни проблеми, дека имаат добри односи со нив и дека се добива коректен третман од универзитетот домаќин. Дополнително, домашните студенти дале коментар дека почесто им помагаат на странските студенти со секојдневните предизвици, како што е наоѓање сместување, отколку со академските активности. Речиси сите учесници одговорија дека се заинтересирани да се запознаат со други култури и повеќето од нив навеле дека одржуваат контакт со студентите кои ги запознале во меѓународната мобилност.

За жал, повеќето домашни студенти изјавиле дека не учествувале во ниту една програма за мобилност, но оние кои учествувале биле задоволни од искуството и дека дефинитивно ќе им ја препорачаат Еразмус+ мобилноста на своите колеги и пријатели. Оние кои учествувале во програмите за мобилност веруваат дека информациите за можност за студирање и стажирање во странство се достапни за секој студент. Испитаниците дале заклучок дека искуството од приспособување во друга земја е добро или многу добро и мнозинството би им препорачале програма за мобилност на своите колеги.

### 7.1.3 Членови на персоналот

Повеќето учесници од универзитетскиот персонал кои одговорија на прашалникот се согласиле дека мобилноста на кадарот има влијание врз воспоставувањето на нова и зајакнување на постоечката соработка со партнерските институции и дека тоа придонесува за интернационализација на нивниот универзитет. Тие се согласија и дека учеството на студенти и кадар од други земји позитивно влијае на промоцијата на Универзитетот во странство. Во понатамошните коментари кажуваат дека учеството на странските студенти го збогатува универзитетот со ресурси на странски јазици и дека соработката со странските предавачи го поттикнува развојот на академскиот кадар. Повеќето испитаници на прашалникот за персоналот изјавија дека работилниците за ефективна комуникација во мултикултурна средина би помогнале за подобрување на ефикасноста на соработката со странски студенти. Сепак,



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

членовите на персоналот навеле дека би сакале да имаат повеќе состаноци за подготовка и пристап до содржини поврзани со мобилноста преку интернет.

Повеќето учесници изјавија дека учествувале во програма за мобилност и се согласија дека тоа учество им ја зголемило самодовербата, знаењето и професионалните вештини. Тие се согласија дека се адекватно подготвени да се снаоѓаат во меѓународно опкружување, дека лесно се прилагодуваат на нова средина и не се соочуваат со предизвик поради културните разлики, но се согласија дека најзначаен предизвик е комуникацијата на странски јазик. Повеќето од учесниците се согласија дека универзитетот домаќин ги поддржал нивните способности и компетенции. Во однос на придобивките од учеството во програма за мобилност, мнозинството смета дека придобивките за вработените од програмите за мобилност се значајни, особено за развојот на вештини за снаоѓање, вреднување на културното богатство на Европа, развивање на нови дизајни за учење и поддршка на понатамошната меѓународна соработка. Генерално, персоналот веруваше дека мобилноста е позитивна за нивната кариера и развој. Членовите на персоналот веруваат дека воспоставувањето нови професионални контакти и унапредувањето на соработката со институцијата домаќин се некои од главните предности.

Повеќето членови на персоналот чувствуваат дека универзитетот ги има сите ресурси потребни за меѓународна соработка и дека е подготвен да прими странски студенти. Повеќето членови на персоналот што одговориле на прашалникот сметаат дека универзитетот е подготвен да прими странски кадар. Во основа, наведуваат дека учеството на кадарот во програмите за мобилност има значително позитивно влијание врз примената на новите наставни методи, пристапи и добри практики на матичниот универзитет и дека тоа придонесува за поголем развој на наставната програма. Тие се согласуваат дека нудењето заеднички часови на домашните со странските студенти е добар начин за нивно интегрирање. Сите тие би им порачале учество на своите колеги во програмите за мобилност.

Моделот за поддршка на ISAAC проектот, а особено водичот за „Правила на однесување“ за универзитетскиот персонал кој работи со странски студенти цели да обезбеди основни елементи за координатори за мобилност, за директорите на Еразмус+ одделенијата и секој друг персонал кој е активно вклучен во овој процес. Водичот има за цел да му помогне на универзитетскиот персонал подобро да ги разберат културните разлики и како да се справат со нив, и дополнително да обезбеди корисни информации за тоа како да им помогне на новодојдените да се интегрираат во новото општество.

Бидејќи постојат многу различни типови на нови студенти, персоналот на универзитетот треба да ги земе предвид различните профили на студенти кои доаѓаат и да се приспособат, да бидат подготвени да се справат со секаков вид тешкотија и секогаш да комуницираат на јасен начин со меѓународните студенти, промовирајќи безбедна мултикултурна средина.

## 8.2 Резиме на институционалната перспектива

Она што следи е дискусија за повратните информации (фидбекот) на учесниците во врска со потребите за институционална интернационализација. Со споредбата на резултатите од извештаите врз основа на одговорите на домашните студенти, странските студенти (дојденци)



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

како и универзитетскиот кадар на Универзитетот за економија и иновации во Лублин, Универзитетот Лусофона, Универзитетот Тесалијас, Универзитетот Лојола и Профицио Скопје, се добиваат следните области кои треба да се земат во предвид при планирањето на активностите кои се однесуваат на меѓународните студенти и персоналот:

| | |
|---|---|
| **Транспарентност на организациската структура** | Подобрувањето на комуникацијата меѓу внатрешните одделенија, јасната поделба на одговорностите меѓу одделенијата заедно со транспарентните информации за студентите и кадарот може да го зголеми квалитетот на соработката во самата организацијата и да го зголеми квалитетот на поддршката за студентите. |
| **Транспарентност на информациите посветени на конкретната целна група** | Соодветни средства за комуникација, алатки и јазик ќе ја подобрат видливост на информациите и ќе го зголемат влијанието на услугите што ги нуди универзитетот. |
| **Јазик и интернационализација на наставната програма** | Ефективната стратегија за интернационализација мора да се заснова на модерна студиска понуда. Понудата за различни студиски програми на странски јазици ќе резултира со подобра видливост на организацијата на меѓународно ниво. |
| **Соработка со надворешни организации** | Со цел да се поддржи процесот на интеграција и адаптација на студентите, универзитетот треба да е отворен за надворешни организации кои поддржуваат различни аспекти од животот на студентите, како што се: култура, спорт, здравје, правни прашања, јазична поддршка, психолошка поддршка и др. Цврстата соработка на универзитетот со надворешни тела може да доведе до подобра интеграција на домашните и странските студенти надвор од универзитетот и да го зголеми признанието на универзитетот како меѓународна организација. |
| **Комуникација** | Комуникацијата е најбитниот елемент за подобрување на подготовката на организацијата за процесот на интернационализација. Методите кои можат да помогнат да во зголемување на видливоста на универзитетот пред пошироката јавност вклучуваат поефикасна подготовка на академскиот кадар во интеркултурната комуникација, поттикнувајќи соработка и взаемно разбирање меѓу домашните и странските студенти, организирање дополнителни наставни активности за странски и домашни студенти и |



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

| | |
|---|---|
| | евалуација на ефективноста од различни видови на маркетинг и комуникациски средства. |
| **Јазик** | Лошото познавање на странски јазици може да биде голем проблем за интеграцијата на странските студенти. Добро решение е да се воведат повеќе курсеви како јазичен мост (lingua franca) т.е. јазици кои се широко разбирливи, како и воведување на курсеви за странски јазици како подготовка на учесниците во мобилноста пред нивното сместување во нова средина. Згора на тоа, домашните студенти сметаат дека имаат добар однос со странските студенти и се чини дека тие се согласуваат во овој поглед. Сепак, јазикот се чини дека е бариера за студентите и персоналот кога студираат или работат во странство. Сè уште има простор за подобрување, на пример со овозможување на часови по јазик за странски студенти. |
| **Внатрешна соработка меѓу универзитетските оддели** | Недостигот на соработка меѓу специфичните единици на организацијата предизвикува слаба перцепција за универзитетот како единствена организација. Тоа предизвикува недоразбирања и недостиг на соодветно насочување за студентите, особено кај странските студенти. |
| **Аспекти на различни култури** | Разбирањето на странските култури е еден од главните фактори/предизвици во процесот на интернационализација. Тоа се однесува на универзитетот како целина, вклучувајќи ги и домашните и странските студенти и персонал. Недостатокот на подготовка предизвикува стереотипи и предрасуди, како и проблеми во разбирањето и комуникацијата. |
| **Универзитетска понуда и нејзино ширење** | Битно е да се промовираат и да се објавуваат универзитетските услуги кои управуваат со мобилноста и дополнително го користат Интернетот и социјалните медиуми за ширење информации до студентите, како и организирање на повеќе вонаставни активности. Правилната презентација и видливост на универзитетските услуги ги зголемува шансите за подобар процес на интернационализација. |
| **Промоција за мобилност** | Мобилноста е во голема мера позитивно искуство за учесниците (вработените и студентите) кое им помага да растат академски и професионално, да станат непристрасни и да бидат запознаени со другите култури. Со цел да се обезбеди подобра видливост на програмата, универзитетот треба да посвети внимание на јасни и видливи правила за учество, да го поддржи организирањето на мобилноста и да ги промовира бенефициите од програмите за мобилност на пошироката јавност. |



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

## 8.3 Перспективи на заинтересирани страни

Следната табела ги истакнува главните области на делување кои беа во фокусот на студијата. Табелата ги прикажува целните групи и за која група која област на делување е релевантна и резултатите од истражувањето за секоја од нив. Од овие области на делување се дојде до дизајнот на прашалниците, од кои се собираа информации.

| **Таргет групи** | **Област на делување** | **Резултати од истражување** |
|---|---|---|
| Домашни студенти<br>Странски студенти<br>Академски кадар<br>Административен кадар | Пристап до информација/извори на информација | Сите 3 групи на испитаници го сметаат пристапот до информација на различни јазици како една од најважните активности на универзитетот. Тоа се однесува на универзитетската понуда посветена на различни групи, како и транспарентноста на организациските единици и различните видови процедури. |
| Домашни студенти<br>Странски студенти<br>Академски кадар<br>Административен кадар | Средства за комуникација | Квалитетот на универзитетската понуда е поврзан со средствата кои се користат за комуникација. Видливоста на универзитетските понуди преку различни механизми, особено преку социјалните медиуми, го поддржуваат признавањето на организацијата. |
| Домашни студенти<br>Странски студенти<br>Академски кадар<br>Административен кадар | Внатрешна комуникација | Внатрешната комуникација меѓу различните единици на организацијата е клучен фактор за задоволството на студентите и персоналот. Добрата комуникација меѓу членовите на тимот ги прави студентските услуги побрзи. |
| Домашни студенти<br>Странски студенти<br>Академски кадар<br>Административен кадар | Надворешна комуникација | Универзитетот треба да биде отворен за надворешно вмрежување и да соработува со различни даватели на услуги и со студентски организации надвор од универзитетот. Дополнителните воннаставни активности се сметаат за еден од битните фактори за одлучување за универзитетска понуда кај странските студенти. |
| Домашни студенти<br>Странски студенти | Култура | Клучниот предизвик на процесот на интернационализација е да ги поттикне меѓусебното разбирање и процесот на комуникација отворен за различни култури. |



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

| | | |
|---|---|---|
| Академски кадар<br><br>Административен кадар | | Подготвителните обуки и работилниците со сите целни групи можат да бидат корисни во однос на адаптацијата и интеграцијата на домашните и странските студенти или кадар. |
| Домашни студенти<br><br>Странски студенти<br><br>Академски кадар<br><br>Административен кадар | Придобивки од програмите за мобилност/размена | Ширење на програмите за размена/мобилност – со земањето во предвид на придобивките за учесниците може да се зголеми видливоста на универзитетската понуда. |
| Академски кадар<br><br>Административен кадар | Придобивки од меѓународната соработка | Меѓународните активности на универзитетот помагаат за подобро меѓународно признавање на организацијата и го зголемуваат потенцијалот на процесот на интернационализација. |
| Домашни студенти<br><br>Странски студенти<br><br>Академски кадар<br><br>Административен кадар | Механизми за вмрежување | Соработка со надворешни организации на национално и меѓународно ниво ја зголемува видливоста на универзитетот кај студентите и персоналот. Ова е важно за поддршката на адаптацијата и интеграцијата на учениците според резултатите од анкетите. |

*Табела 2. Области на делување кои се цел на студија заснована на прашалници.*



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

## 9. ISAAC истражувачки модел за развој на рамка за адаптација на студенти во контекст на интернационализацијата

Интернационализацијата нуди значајни придобивки за развивање на знаења, вештини и компетенции за вработливост, проширувајќи ги перспективите на студентите и едукаторите и промовирајќи раст со пополнување на празнините во вештините помеѓу потребите на академијата и индустријата. Поради ова, се препорачува да се воспостават модели кои ја поддржуваат интернационализацијата и ги поттикнуваат членовите на академската заедница да работат во меѓународна средина.

Проектот ISAAC има за цел да развие стратегии и добри практики кои ја промовираат мобилноста на учениците и едукаторите со тоа што ќе им помогне на учесниците да се прилагодат во земјата на дестинација. Во овој контекст, овој извештај воведува модел за анализа на потребите и политиките за интернационализација во високото образование. Анализата се фокусира на иницијативи на европско и национално ниво за охрабрување на мобилноста кај едукаторите и студентите.

Поточно, спроведена е студија на национално ниво во која се ангажирани сите засегнати страни во процесот на интернационализација, главно студенти, едукатори и административен персонал. Студијата покажа дека организациите-учеснички веќе имаат воспоставено процеси кои се однесуваат на широк опсег на прашања за мобилност, вклучувајќи адаптација на академската средина, социјализацијата и секојдневната поддршка за живеење во нова земја.

Како резиме на работата што се одвиваше во IO1 (**Intellectual Output** 1), конзорциумот разви национални извештаи во земјите во кои тој има проектни партнери, со цел да се документира подготвеноста на организациите-учеснички за интернационализација (види АНЕКС II). Националните извештаи беа составени преку литературно истражување за добри практики и иницијативи, како и студија заснована на прашалници што беше дистрибуирана до академскиот кадар и студенти, домашни и меѓународни. Резултатите од оваа работа се сумирани во претходните делови од овој извештај.

Собраните податоци беа основа за дизајнирање на ISAAC модел за поддршка на студентската интернационализација, кој се состои од:

**IO2: Водичот „Правила на однесување“** е за универзитетскиот персонал кој работи со странски студенти, и ќе биде користен од персоналот при организирање на активности за пречек на истите. Водичот е наменет за канцелариите за мобилност на Еразмус+, персоналот и координаторите на партнерските локации. Ќе обезбеди богата колекција на предлози за тоа како да се збогатат искуствата на дојдовните и појдовните студенти стекнати од меѓународните активности за мобилност. Препораките ќе се засноваат на минати искуства на партнерите, како и вештини од снаодливост - колективно развиени преку соработка во рамките на истражувањето на ISAAC проектот. Водичот ќе биде концизен, привлечен и лесно разбирлив.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

**IO3: Водич за добредојде за странски студенти,** кој ќе го користат меѓународните студенти како дополнителен водич кој помага во нивната адаптација во нова средина. Водичот ќе биде споделен со канцелариите за мобилност на Еразмус+, како и со канцелариите за меѓународни односи и канцелариите за прием на партнерските локации. Ќе биде дистрибуиран до доаѓачките и заминувачките студенти и ќе им обезбеди информации кои ќе им овозможат подобро да се интегрираат во новата академска средина, како и активно да се вклучат во секојдневниот живот, вклучително и социјални, спортски и други активности за време на нивниот мобилен престој.

**IO4: Интерактивен материјал: Графика и функционалност на интерактивните материјали (Edugraphics)**, што ќе ја направи содржината развиена во IO2 и IO3 лесна за разбирање. Материјалот ќе претставува помош преку он-лајн учење кое ќе користи инфографика за визуелно и живописно да ја прикаже концептуалната содржина на функционален и привлечен начин, зголемувајќи го нејзиното влијание. Интерактивниот материјал ќе се заснова на сликовен приказ и графики кои ќе ги водат студентите во навигација во различни сценарија за време на нивниот престој. Тој ќе биде јавно достапен преку веб-страница.



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

# Референци


1. Bilton, I. (2018, Мај 9). Како ја избравте дестинацијата за студирање во странство? Преземено од https://www.studyinternational.com/news/choose-study-abroad-destination/
2. Brandenburg,U., Federkeil, G., Fuchs, S., & Groos, M. (2007). Како да се измери интернационалноста и интернационализацијата на високообразовните институции! Индикатори и клучни бројки.www.che.de
3. Иницијатива за приправници за дигитални можности (2021). Преземено од https://wayback.archive-it.org/12090/20210104210439/https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/digital-opportunity-traineeships-boosting-digital-skills-job
4. Додаток на диплома (2021). Преземено од https://ec.europa.eu/education/diploma-supplement_en
5. Еразмус+ Студија за влијанието на високото образование (2018). Преземено од https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/94d97f5c-7ae2-11e9-9f05-01aa75ed71a1/language-en
6. Европска комисија/EACEA/Евридика. (2019). Интегрирање на барателите на азил и бегалците во високото образование во Европа: национални политики и мерки. Извештај Евридика. Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија
7. Европска комисија. (2014). Ефектите на мобилноста врз вештините и вработливоста на студентите и интернационализацијата на високообразовните институции. Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската унија. https://doi.org/10.2766/75468
8. Европска комисија (2019). Еразмус+ студија за влијанието на високото образование. Финален извештај.
9. Европски кредит трансфер систем (2021). Преземено од https://ec.europa.eu/education/resources-and-tools/european-credit-transfer-and-accumulation-system-ects_en
10. Препорака за промовирање на автоматско меѓусебно признавање на дипломите за високо образование и повисоко средно образование и исходите од периодите на учење во странство. Преземено од https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1530526890119&uri=CELEX%3A52018DC0270
11. Европски регистратор за обезбедување квалитет (2021). Преземено од https://ec.europa.eu/education/diploma-supplement_en
12. Иницијатива за европска студентска картичка (2021). Преземено од https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/european-student-card-initiative_en
13. Gąsior, M. (2012, 18 ноември). Полските универзитети ги плашат странците. Нетолеранција и низок квалитет. Преземено од https://natemat.pl/39615,polskie-uczelnie-odstraszaja-obcokrajowcow-nietolerancja-i-niska-jakoscia
14. Green, M. F. (2012). Мерење и оценување на интернационализацијата. www.nafsa.org/epubs
15. HCA Editorial. (2019, December 10). Избор на земја за студирање во странство: Основи. Преземено од




This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

https://www.hotcoursesabroad.com/study-abroad-info/destination-guides/choosing-a-country-to-study-abroad-in-things-to-consider/

16. JRC Scientific and Policy Reports (2012). Концептот на интернационализација и неизбежноста на мобилноста на висококвалификуваните работници.
17. OECD (2008). Глобалниот натпревар за таленти: мобилност на високо квалификуваните. Преземено од: https://www.oecd.org/sti/inno/theglobalcompetitionfortalentmobilityofthehighlyskilled.htm
18. Spriggs, S. (2019, May 6). Осум совети како да изберете каде да студирате во странство. Преземено од https://www.timeshighereducation.com/student/advice/eight-tips-how-choose-where-study-abroad
19. StudyLink. Каде да студирате? Избор на дестинација за студирање. Преземено од https://studylink.com/articles/where-to-study-choosing-a-study-destination/
20. Szwałek, K. ed. (2018). Европа за Активното бр.1/2018 ОТВОРАЊЕ. Европа за Активното, 1/2018. www.europadlaaktywnych.pl



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

## Анекс I – Алатки за анализа, потребни при интернационализацијата на студенти, персонал и организации

Она што следи се алатките кои беа користени за собирање повратни информации за потребите на едукаторите, студентите и административниот персонал за поддршка на иницијативите за интернационализација. Овие алатки му овозможија на конзорциумот да собира податоци кои додатно беа анализирани и документирани во овој извештај.

### Анкета за странски студенти

URL линк до образец на прашалникот на англиски јазик: https://forms.gle/S4qdCHRj8dUsjtoc7

### Анкета за домашни студенти

URL линк до образец на прашалникот на англиски јазик: https://forms.gle/r4cvpR1mSAgZCsU99

### Анкета за персонал

URL линк до образец на прашалникот на англиски јазик: https://forms.gle/mNgd8vWARY6MvicZA



This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

# INTERNATIONAL STUDENTS' ACTION FOR ADAPTING CROSS-CULTURAL ACTIVITIES (ISAAC)

No. 2020-1-PL01-KA203-082267

# Authors:


- Hariklia Tsalapatas, University of Thessaly
- Christina Taka, University of Thessaly
- Olivier Heidmann, University of Thessaly
- Magda Janiak, WSEI University
- Marta Drygała, WSEI University
- Pablo Simón Rodríguez. Fundación ETEA – Instituto de Desarrollo, Universidad Loyola Andalucía
- Jesús Mª de la Torre Cañadilla. Fundación ETEA – Instituto de Desarrollo, Universidad Loyola Andalucía
- Ana Cunha - Lusófona University
- Constança Barroso - Lusófona University
- Biljana Mladenovska - Proficio
- Svetlana Trajkovska - Proficio




**https://isaac.wsei.eu/**

**Follow us on:**

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

# INTERNATIONAL STUDENTS' ACTION FOR ADAPTING CROSS-CULTURAL ACTIVITIES (ISAAC)

No. 2020-1-PL01-KA203-082267

## PROJECT LEADER

WSEI University
LUBLIN



## PROJECT PARTNERS

UNIVERSIDADE LUSÓFONA

UNIVERSITY OF THESSALY
FOUNDED 1984

PROFICIO

UNIVERSIDAD LOYOLA
Instituto de Desarrollo
Fundación ETEA

## Follow us on:

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

This project has been funded with the support from the European Commission (project no: 2020-1-PL01-KA203-082267). This publication reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.